ПРЕПОРАКАТА НЕСПОРНА, ДАТУМОТ НЕИЗВЕСЕН

Коментар по повод Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија од 29 мај 2019 година

30 мај 2019 година

ПРЕПОРАКАТА НЕСПОРНА, ДАТУМОТ НЕИЗВЕСЕН

Коментар по повод Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија од 29 мај 2019 година

Институт за европска политика - Скопје

д-р Ардита Абази Имери
д-р Малинка Ристевска Јорданова
м-р Билјана Котевска
м-р Ива Цоневска
м-р Исмаил Камбери
Ангел Мојсовски
Ардита Вејсели
Дора Бенцетиќ

Преку Преспа до кредибилна ЕУ

Духот на Преспанскиот договор провејува низ целиот пакет за проширување. Од една страна, ова е признание за тешките политички одлуки и јасната определеност на нашата земја на патот кон ЕУ. Од друга страна, овој договор претставува можност да се оживее и така кревката политика за условеност преку одржување на позитивниот момент што го креира регионално, но и пошироко. Дотолку повеќе, оваа година е тест за ЕУ, за нејзината Стратегија за Западен Балкан и за нејзината кредибилност која во голема мера зависи од испорачување на строга но праведна политика, како и примена на мерит принциот на земјите во оценување на нивните достигнувања и пред сé започнување на преговорите со нашата земја.

Имајќи ги предвид изјавите на комесарот Хан кои му претходеа на извештајот, неговата содржина не е изненадување. Извештајот ги признава клучните достигнувања во надворешната политика во однос на решавањето на билатералните спорови и клучните реформски приоритети. Оваа година, покрај тоа што е патоказ за внатрешните реформи, извештајот примарно цели да ги убеди земјите членки дека нашата држава треба веднаш да ги започне преговорите.

По една декада препораки за отпочнување на преговорите, овогодинешната сепак е поразлична, “почиста”, “кристално јасна”, без дополнителни услови, нема препреки и има многу позитивен дух. Ова година, нашата земја се наведува како пример за позитивни чекори и напредок низ клучните критериуми за членство. Сепак, ваквиот пристап не значи дека нашите обврски се исполнети, тука нé става и на потешка патека за одржување на позитивниот имиџ преку поодржливи реформи за клучните прашања пресликани во пристапот „најпрвин основите“ и шесте иницијативи на Стратегијата за ЗБ.

Напредок е истакнат во воспоставувањето на спрегите и кочниците на трите гранки на власта, консолидирањето на демократијата, воспоставувањето на независноста на судството, формирањето на анти-корупциската комисија, фер претседателски избори. Сепак, Комисијата ја повторува минатогодишната најава за „засилен пристап“ за поглавјата 23 – Правосудство и темелни права и 24 - Правдата, слободата и безбедноста во земјата.

Во овој процес, и покрај разбирливо досега доминантниот фокус на политичките одлуки и чекори, не треба да се занемари преземањето на обврските за членство и особено усогласеноста со acquis во која нема значително поместување во однос на претходната година. Потребно е преземање на итни мерки за зајакнување на капацитетите за усогласување со acquis-то и паралелено исполнување на административните и политичките критериуми.

Сериозен предизвик е и користењето на средствата од ИПА, особено во поглед на административните капацитети за големите инфраструктурни проекти, кои на Северна Македонија и се насушно потребни.

Политички критериуми: консолидирање на демократијата

Работата на Владата, со полна пареа, во приоритетните области наведени во ланските заклучоци на Советот не помина незабележена. Во извештајот се потенцира културата на компромис и посегнување кон соработка со сите клучни чинители, вклучувајќи ја опозицијата и граѓанското општество на инклузивен и транспарентен начин. Исто така, се земаат предвид напорите за обединување/помирување на општеството и зачувување на мултиетничкиот карактер преку вклучување на ОРД во преамбулата на Уставот.

Напредокот во владеењето на правото – политичките критериуми како и поглавјата 23 - за правосудство и темелни права и 24 – правда, слобода и безбедност во повеќето подрачја е оценет како „добар“, во некои како „одреден напредок“. Споредено со сите држави од регионот, напредокот во владеењето на правото е најдобро оценет. И во нивото на подготвеност, Северна Македонија не заостанува зад државите што веќе преговараат – Црна Гора и Србија.

Во прилог на ова секако одат преземените чекори заедно со НАТО во една од најболните точки - реформата на безбедносните служби, од која во голема мера зависи довербата на граѓаните. Големи очекувања се искажани за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата поради транспарентниот начин на избор на членовите и ветувачкиот почеток со отворањето на случаи поврзани со лица на високи политички позиции. Очекувањата се високи и за преземање истраги за корупција од висок профил. Во ова насока клучна останува и улогата на СЈО при што мора да се докаже волја за одржување на борбата против корупцијата од висок профил како национален приоритет. Од друга страна, успешноста на “Прибе вежбата” резултира со слични, реплицирани, мисии во регионот, но и со најава за нова советодавна мисија за Северна Македонија.

Контролата на парламентот над законодавниот процес се појавуваше како загриженост во досегашните извештаи. Во овој извештаен период, Северна Македонија е дадена како добар пример поради најмалото користење на скратената процедура, само за 20% од процесите (за споредба, во Србија овој процент изнесува 44%). Дополнително, ЕК ги нотира и отворањето за учество на граѓанските организации во процесите на донесување на законите и подобрувањето во културата на дијалог помеѓу позицијата и опозицијата како знаци за подобрувањето на перформансот на Собранието како форум за политички дијалог, надзор и законодавство. Исто така, нотирана е неопходноста за политичките партии да ги зајакнат внатрепартиските демократски процеси со промовирање на слобода на парламентот и говорот. ЕК нагласува и дека оддржливоста на овие структурни реформи е долг процес кој бара постојана вклученост од сите чинители, вклучително и од судиите и јавните обвинители. Понатамошен предизвик останууваат напорите за спречување на партизацијата на администрацијата, како и почитување на принципите на заслуги и на правична застапеност. Исто така, се препорачува во подобрената клима за слободата на медиумите, јавните лица и политичките елити да ја поместат границата на толеранција на критики на повисоко ниво со што ќе ја поддржат слободата на изразување.

Економски критериуми: враќање кон економски раст

Како и во минатогодишниот извештај остануваат забележани напорите за подобрување на управувањето со јавните финансии и транспарентноста. Но, се потенцира дека составот на трошењата е влошен и се истакнува потребата за поамбициозна фискална консолидација.

Кога станува збор за функционирањето на пазарната економија, Северна Македонија го одржа истото ниво како од претходната година каде што имаме „одреден напредок“ и истата е „на добро ниво на подготвеност“.

По девет години, откако Комисијата предложи, конечно започна втората фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Забележително во овој извештај е потенцирањето на „младинската гаранција“ и нејзино целосно спроведување на целата територија на земјата, особено во неразвиените региони. Сивата економија продолжува да ја отежнува конкурентноста во приватниот сектор. Во однос на макроекономската стабилност, економскиот раст почна да се зголемува, но инвестициите се „пригушени“. Јавното трошење е влошено при што социјалните трансфери ги сочинуваат половина од овие трошења што претставува мало намалување во однос на претходната година. За разлика од претходно, во овој извештај се појавува ново оценување во однос на „приватизација и реструктурирање“ при што е истакнато дека во 2018 година нема приватизирани државни компании.

Во однос на капацитетот на земјата да се справува со конкурентскиот притисок и пазарните сили во Унијата со што би се подобриле конкурентноста и долгорочниот раст, земјата има направено „одреден напредок“ и има умерено ниво на подготвеност. Во однос на образованието, остануваат недостатоците во образовните програми кои не одговараат на барањата на пазарот на труд а недостатокот на квалификувана работна сила дополнително ја комплицира соработката помеѓу домашните и странските компании. Потребно е да се зајакне управувањето на ефикасноста во трошењето во образовниот сектор со цел да се забрза модернизацијата на образовниот систем. Меѓуграничната патна поврзаност се зголемува, но земјата мора да ги доврши инвестициите во патната и железничката инфраструктура. Трговската размена со Унијата е непроменета и продолжува да расте.

Регионална соработка: пример и доказ за моќта на ЕУ да привлекува

Во овој извештај насловот на ова поглавје е променет од „Регионални прашања и меѓународни обврски" на „Добрососедски односи и регионална соработка". Со ова се прави обид да се поврзат и така фрагментираните иницијативи на Комисијата како што се извештаите, стратегијата за Западен Балкан (6-та иницијатива) и Берлинскиот процес. Со решавањето на спорот со Грција и билатералниот договор со Бугарија нашата земја стана единствената земја во Западниот Балкан која нема билатерални спорови. Со ова, Северна Македонија прераснува во пример за помирување кој треба да го следат и другите земји од регионот во решавањето и затворањето на билатералните спорови. Овој напредок ја потврдува и моќта на ЕУ за привлекување со европската перспектива, кога се има политичка волја.

Усогласеност со acquis: македонското сидро

Сликата е различна за преземањето на обврските од членството, односно другите поглавја, во коишто некогаш предничевме. Во овие области оценките соодветствуваат со констатациите што беа давани изминатава година – дека Владата го приоретизира решавањето на спорот со името и владеењето на правото, но политиките во другите области, односно поглавја, се на втор план. Тоа се случуваше кога веќе се одржуваше објаснувачкиот скрининг за некои од поглавјата, што секако требаше да даде поттик за посериозен однос. Ваквиот пристап на Владата ќе мора итно да се промени, ако државата има амбиција подготвено да преговара.

Ако погледнеме низ сите 33 поглавја, подобрување на оценките има во 7 поглавја. Во споредба со минатогодишниот Извештај, оценка „Добар напредок" освен за поглавје 23 и 24 има и во 4 други поглавја - Поглавје 29: Царинска унија; Поглавје 18: Статистика; Поглавје 15: Енергија и Поглавје 12: Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика. Поголемо оценување на усогласеноста е забележано само во Поглавје 23: Правосудство и темелни права, имајќи предвид и дека во изминатата година најголемите реформи беа направени токму во ова поглавје, но сепак недоволни за да ја заслужат највисоката оценка „значителен напредок". „Определен напредок" е забележан во 18 поглавја, а сè уште е висок бројот на поглавјата во кои не се спроведени препораки – вкупно шест.

Иако од 2015 година Европската комисија има нова методологија која ја користи за оценување на напредокот и нивото на усогласеност, во новиот извештај во 3 поглавја, и тоа Поглавје 14: Сообраќајна политика; Поглавје 26: Образование и култура и Поглавје 27: Животна средина, се јавува терминологија според старата методологија, чии оценки се користени за извештаите до 2014 година. Напредокот во овие поглавја е оценет како „Ограничен напредок".

Оценка за напредокот	Број на поглавја	Поглавја
Нема напредок (0)	6 поглавја	**Поглавје 1**: Слободно движење на стоки; **Поглавје 2**: Слобода на движење за работници; **Поглавје 6**: Право на трговски друштва; **Поглавје 8**: Политика на конкуренција; **Поглавје 13**: Рибарство; **Поглавје 28**: Заштита на потрошувачите и здравствена заштита.
Определен напредок (1)	18 поглавја	**Поглавје 3**: Право на основање и слобода на обезбедување услуги; **Поглавје 4**: Слобода на движење на капиталот; **Поглавје 5**: Јавни набавки; **Поглавје 7**: Право на интелектуална сопственост; **Поглавје 9**: Финансиски услуги; **Поглавје 10**: информатичко општество и медиуми; **Поглавје 11**: Земјоделство и рурален развој; **Поглавје 16**: Оданочување; **Поглавје 17**: Економска и монетарна политика; **Поглавје 19**: Социјална политика и вработување; **Поглавје 20**: претпријатија и индустриска политика; **Поглавје 21**: Транс-европски мрежи; **Поглавје 22**: Регионална политика и координација на структурни инструменти; **Поглавје 25**: Наука и истражување; **Поглавје 30**: Надворешни односи; **Поглавје 31**: Надворешна безбедност и одбранбена политика; **Поглавје 32**: Финансиска контрола; **Поглавје 33**: Финансиски и буџетски одредби.
Добар напредок (2)	6 поглавја	**Поглавје 12**: Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика; **Поглавје 15**: Енергија; **Поглавје 18**: Статистика; **Поглавје 23**: Правосудство и фундаментални права; **Поглавје 24**: Правда, слобода и безбедност; **Поглавје 29**: Царинска унија.
Ограничен напредок (limited progress) (стара терминологија која се јавува пак во 2019)	3 поглавја	**Поглавје 14**: Сообраќајна политика; **Поглавје 26**: Образование и култура; **Поглавје 27**: Животна средина.

Повторно - неизвесност за датумот

Поради големиот исчекор напред на Северна Македонија на внатрешен план, а „историски достигнувања“ на надворешен план, според Комисијата, пристапни преговори со Северна Македонија треба да се отворат сега.[1] Секој обид да не се испорача ветувањето на ЕУ оди во прилог на слабеење на стабилноста и обесхрабрување на преземањето сериозни реформи. Според ЕК, доколку не даде зелено светло за почеток на преговори со Северна Македонија, ЕУ ризикува да го изгуби кредибилитетот во регионот и пошироко, вклучително и за сопствениот потенцијал да влијае на решавањето на отворените спорови, како што е дијалогот Белград-Приштина.[2] Европската комисија го поставува и во поширок контекст евентуалниот неуспех на ЕУ да определи датум за преговори за нашата земја, укажувајќи на можните геополитички консеквенци, т.е. дека отсуството на јасен одговор од ЕУ може да активира спирала на поддршка за *“геополитичките конкуренти да се вгнездат на прагот на Европа”.*

Препораката на ЕУ за Северна Македонија е убедлива. Сега големото прашање не е „што“ туку „кога“ можеме да очекуваме. Според заклучоците на Советот на ЕУ од јуни 2019 година, одлуката за датумот за Меѓувладината конференција со која треба да отпочнат преговорите треба да се донесе овој јуни, и тој датум да биде до крајот на оваа година. Советот на ЕУ треба да ја задолжи Комисијата да подготви преговарачка рамка.

Рокот до крајот на годинава за меѓувладина конференција засега не се доведува во прашање, но се доведува во прашање овој јуни како рок за одлучување за конкретниот датум на Конференцијата. Државите членки сега немаат повеќе изговори за недостатоци на македонска страна – Извештајот на Комисијата тоа го оневозможува. Затоа сега има изговори на страна на ЕУ. Иако големата сенка на надвладување на евроскептиците која генерално би го загрозила европскиот проект е избегната, има други процеси кои се приоритетни за државите членки. Пред сè, тоа се политичките преговори во постизборен период, кога државите членки се фокусирани на прашањата на поделба на функциите според изборните резултати. Останува и воздржаноста на некои земји членки, токму имајќи ги предвид резултатите од изборите за Европскиот парламент – како што е Франција. Германија вели дека нема да стигне да ја заврши собраниската процедура. Се споменува „мало одложување“ на одлуката за датумот – до септември-октомври, но тоа може да повлече натамошно одложување на датумот на меѓувладината конференција. Ова ќе оди во прилог на „домашните“ евроскептици, кои ќе ја толкуваат оваа тактика на државите членки на купување време како отсуство на волја за прием воопшто.

Загрижува ниската свесност на државите членки на ЕУ во случај на нивно неисполнување на преземените обврски кон Северна Македонија за можните последици во регионот, па и пошироко. Веројатните последици за државата се ниска мотивација за реформи, потхранување на климата на политички поделби, па дури и можна политичка криза. Веројатното зајакнување на дебатата околу тоа дали вредеше „жртвата“ направена со Преспанскиот договор ќе доминира со јавниот дискурс, со што сериозно ќе се минира волјата и напорите не само на Владата, туку и сите оние сили кои го поддржуваа Преспанскиот договор. Натаму, реален е ризикот од целосно губење на довербата во процесот на проширување и неговите принципи.

Заради сите овие ризици, а и независно од нив, Владата треба да ги продолжи веќе добро насочените дипломатски напори и да продолжи со реформите, но во рамките на јасно поставена стратегија со јасно вградени национални приоритети.

---

1 “[T]he Commission recommends that the Council now opens accession negotiations with North Macedonia.”

2 Во Стратегијата за проширување, ЕК наведува дека, *“млак одговор на историскиот напредок и значајните реформи ќе ја подрие стабилноста и сериозно ќе ги обесхрабри понатамошните реформи како и работата на чувствителните билатерални прашања, како на пример дијалогот Белград-Приштина”.*

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

1. Извештајот е јасна и недвосмислена порака до Советот за давање на датум за преговори врз основа на испорачаното, како и признание на државата за сработеното.
2. Советот на ЕУ треба да опстои на преземените обврски и во јуни да определи датум за одржување на меѓувладината конференција – до крајот на оваа година.
3. Постепеното ослободување на земјата од заробувањето е забележано во повеќе области, вклучително и во системот на спреги и кочници, улогата на законодавниот дом и слободата на изразување и соработката со граѓанското општество. Позитивните првични чекори во врска со области кои беа предмет на загриженост досега, како борбата со корупцијата, независноста на судството, борбата со дискриминацијата, и други, треба да продолжат преку имплементација на ново-усвоените закони.
4. Усогласувањето со законодавството на ЕУ останува македонското сидро. Земјава сé уште стагнира во повеќе поглавја. Потребно е Владата да ги зголеми напорите за усогласувањето со законодавството на ЕУ, особено во поглавјата кои континуирано стагнираат, а Европската комисија да ја зголеми поддршката на овие процеси.
5. Независно од тоа кога и какви одлуки ќе донесат државите членки на ЕУ за почетокот и текот на преговорите, Владата треба да изгради јасна стратегија за пристапувањето во ЕУ, во која ќе ги вгради националните приоритети, со вклучување на сите релевантни политички субјекти и професионални капацитети.
6. Неопходно е Европската комисија да распредели позначителни средства за инфраструктурни проекти, вклучувајќи ја енергетиката, како и за стопанството и зголемување на вработувањето. Владата треба да го приоретизира јакнењето на административните капацитети за користење на средствата од ИПА – особено оние за инфраструктурата.

Прилог: Преглед на заклучоци и оценки во исполнувањето на обврските од членството 2011-2019

Поглавје	Напредок								Ниво на усогласеност							
	2011	2012	2013	2014	2015	2016	2018	2019	2011	2012	2013	2014	2015	2016	2018	2019
1. Слободно движење на стоки	1	2	1	1	1	1	0	0	3	4	4	4	3	3	3	3
2. Слобода на движење за работниците	1	1	1	1	1	1	0	0	1	1	1	1	1	1	1	1
3. Право на основање и слобода на обезбедување услуги	1	1	1	1	1	1	0	1	1	3	3	3	3	3	3	3
4. Слободно движење на капиталот	1	1	1	1	1	1	1	1	3	3	3	3	3	3	3	3
5. Јавни набавки	1	1	2	1	1	0	1	1	5	4	4	4	3	3	3	3
6. Право на трговски друштва	2	2	2	2	1	1	1	0	3	3	4	4	4	4	4	4
7. Право на интелектуална сопственост	1	1	1	1	1	1	1	1	3	3	3	3	3	3	3	3
8. Политика на конкуренција	1	2	2	2	1	0	0	0	3	4	4	4	3	3	3	3
9. Финансиски услуги	2	1	1	1	1	1	1	1	3	3	3	3	3	3	3	3
10. Информатичко општество и медиуми	1	1	1	2	1	0	0	1	3	3	3	3	4	4	3	3
11. Земјоделство и рурален развој	1	1	1	1	1	1	1	1	3	3	3	3	3	3	3	3
12. Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика	2	2	2	1	1	1	1	2	4	3	3	3	2	2	4	4
13. Рибарство	1	1	1	1	1	2	0	0	3	3	3	4	3	3	3	3
14. Сообраќајна политика	1	1	1	1	1	1	1	1	4	3	3	3	3	3	3	3
15. Енергија	2	1	1	1	1	1	1	2	3	3	3	3	3	3	3	3
16. Оданочување	1	1	1	1	1	1	1	1	3	3	3	3	3	3	3	3
17. Економска и монетарна политика	3	1	1	1	1	1	1	1	4	4	4	4	3	3	3	3
18. Статистика	2	1	2	2	1	1	1	2	4	3	4	4	3	3	3	3
19. Социјална политика и вработување	1	1	1	1	1	1	1	1	2	2	1	3	3	3	3	3
20. Претпријатија и индустриска политика	1	1	1	1	1	1	0	1	3	3	3	3	3	3	3	3
21. Трансевропски мрежи	1	1	1	1	2	2	1	1	4	3	4	4	4	4	4	4
22. Регионална политика и координација на структурните инструменти	1	1	1	1	0	1	1	1	3	3	2	2	3	3	3	3
23. Правосудство и фундаментални права	1	1	1	1	0	0	2	2	3	3	3	4	2	2	2	2,5
24. Правда, слобода и безбедност	1	1	1	1	1	1	2	2	4	4	4	4	3	3	3	3
25. Наука и истражување	1	1	2	2	2	1	1	1	2	2	2	3	4	4	4	4
26. Образование и култура	1	1	1	1	1	1	1	1	3	3	3	3	3	3	3	3
27. Животна средина	1	1	1	1	1	1	1	1	3	3	3	3	3	2	2	2
28. Заштита на потрошувачите и здравствена заштита	1	1	1	1	1	0	0	0	3	3	3	3	3	3	3	3
29. Царинска унија	2	1	1	1	2	1	1	2	4	4	4	4	4	4	4	4
30. Надворешни односи	1	1	1	1	1	1	1	1	4	3	3	3	3	3	3	3
31. Надворешна, безбедносна и одбранбена политика	2	2	3	1	1	1	1	1	5	5	5	3	3	3	3	3
32. Финансиска контрола	1	1	1	1	1	0	1	1	2	1	1	3	3	3	3	3
33. Финансиски и буџетски одредби	1	1	0	1	1	1	1	1	3	1	1	1	1	1	1	1

Напомена: Институтот користи сопствена методологија, при што во прикажувањето на вкупната оценка, вредноста на одделни поглавја е пондерирана, со оглед на нивниот обем и тежина.

Објаснување за квантификација на оценките за напредокот и усогласеноста

Оценки користени за извештаите до 2014 година:

Напредок:

Оценка	Нумеричка вредност
Регрес	(-5)-(-1)
Нема напредок; нема натамошен напредок	0
Нема суштествен напредок; нема особен напредок; незадоволителен напредок; бавен напредок; почетен напредок, ограничен напредок	1
Мал напредок; скромен напредок, определен напредок	2
Напредок; натамошен напредок	3
Добар напредок; видлив наредок; одржлив напредок; задоволителен напредок	4
Значителен напредок; важен напредок; суштествен напредок	5

Ниво на усогласеност:

Оценка	Нумеричка вредност
Не е започнато	0
Рана фаза; многу рана фаза; почетна фаза	1
Не е многу напреднато; напредува: полека напредува	2
Умерено напреднато	3
Напреднато, во напредната фаза	4
Добро напреднато	5

Оценки за 2015, 2016, 2018 I 2019 година година согласно методологијата на Европската комисија:

Оценка - напредок	Нумеричка вредност		Оценка за подготовка	Нумеричка вредност
Уназадување	(-5)-(-1)			
Нема напредок	0		Не е започнато	0
Определен напредок	1		Рана фаза на подготовка	1
Добар напредок	2		Определено ниво на подготовка	2
Значителен напредок	3		Умерено ниво на подготовка	3
			Добро ниво на подготовка	4
			Високо ниво на подготовка	5

За да се обезбеди споредливост на оценките според новата методологија на Европската комисија со претходно дадените оценки, направена е ревалоризација на вредностите за годините до 2013 година.

Анализите на Институтот за европска политика за претходните извештаи на ЕК се достапни на:

- 2018: https://bit.ly/2EGCQtL (MKD); https://bit.ly/2wr3i67 (ALB); https://bit.ly/2WdlK1p (ENG)
- 2016: https://bit.ly/2JMXGMe (MKD); https://bit.ly/2MfuBeh (ALB); https://bit.ly/2Mfrkf9 (ENG)
- 2015: https://goo.gl/lQB99q (MKD); https://goo.gl/9r7ZTs (ALB); https://goo.gl/0F6L7Y (ENG)
- 2014: https://goo.gl/pOJi0J (MKD); https://goo.gl/eBjt4v (ALB); https://goo.gl/2RkFnU (ENG)
- 2013: https://goo.gl/sBwze9 (MKD); https://goo.gl/sBwze9 (ALB); https://goo.gl/sBwze9 (ENG)
- 2012: https://goo.gl/5LkbqQ (MKD); https://goo.gl/5LkbqQ (ALB); https://goo.gl/ROcPl3 (ENG)
- 2011: https://goo.gl/6uWzI6 (MKD); https://goo.gl/ikAhRx (ALB); https://goo.gl/f47DTe (ENG)